Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр./Nr. 05-2941/16
25-12-2023 година
Скопје

Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.24/2019 , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-2941/9 од 14.12.2023 г. , Извештај за текот на е-аукциите за Објавување на огласи во дневни весници бр.05-2941/14 од 19.12.2023 г., Извештај од спроведена постапка бр.05-2941/15 од 19.12.2023 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**21811/2023** , Директорот на Друштвото донесе :

# О Д Л У К А

## за избор на најповолна понуда за

## Објавување на огласи во дневни весници

На основ.на Записник од отворање на понуди бр. 05-2941/9 од 14.12.2023 г. , Извештај за текот на е-аукциите за објавување на огласи во дневни весници бр. 05-2941/14 од 19.12.2023 г., Извештај од спроведена постапка бр.05-2941/15 од 19.12.2023 г. од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-2941/3 од 10.11.2023 г., со примена на постапка со Набавка од мала вредност со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Договорите за објавување на огласи во дневни весници се доделуваат на:

За **ДЕЛ 1** – Објавување на оглас во прв дневен весник на македонски јазик

**Друштво за издавање и маркетинг**
**„Слободен печат„ ДОО Скопје**
**„Кеј 13-ти ноември„ ГТЦ 2 кат локал бр.12 - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 2(две) прифатливи понуди.

За **ДЕЛ 2** – Објавување на оглас во втор дневен весник на македонски јазик

**Друштво за издавање и маркетинг**
**„ „ Вечер Прес "ДООЕЛ Скопје**
**Бул. „М.Х.Јасмин„ Б.Б – Скопје**

(Согласно Извештај од е-аукција 05-2941/14 од 19.12.2023 г. Извештај од спроведена постапка бр.05-2941/15 од 19.12.2023 г. од Комисијата за јавни набавки,„ Вечер Прес "ДООЕЛ Скопје се избира за најповолен понудувач за дел 2 односно за објавување на оглас во втор дневен весник на македонски јазик, од причина што иако Слободен печат ДОО Скопје за дел 2 има пониска цена од второрангираниот ,„ Вечер Прес "ДООЕЛ Скопје, истиот е избран за најповолен понувач за прв дневен весник на македонски јазик, а воедно и согласно огласот за јавна набавка објавен на ЕСЈН максимален број на делови кои можат да се доделат на еден понувач е 1(еден).

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 2 (две) прифатливи понуди.

За **ДЕЛ 3** – Објавување на оглас во еден дневен весник на албански јазик

**Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги**

**„ Коха Продуцтион "ДОО Скопје**

Бул. „Гоце Делчев„ бр.11, ТЦ Мавровка локал бр.14 на мезанин - Скопје

Изборот е извршен врз основа на рангирање на **1(една)** прифатлива понуда.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:
- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договори за доделување на јавна набавка со носителите на најповолните понуди, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **пет** дена од денот на приемот на одлуката за избор за најповолна понуда до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

**Генерален Директор**

**Sheval Ceku**

**доставено до**:

- Сектор за економско финансиски работи и информатика
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

Изготвил: Индира Дрпљанин
Контролирал: Анета Тодоровска
Одобрил: Кирил Ѓорѓов Пом директор за деловен простор ________
Аријана Раман Пом директор за финансии ________